Република Северна Македонија

**Министерство за**
**јавна администрација**

**Архивски број:** 12-971/1

**Датум:** 05.02.25

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 57/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 96/19, 110/19 и 121/24) министерот за јавна администрација го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

**за формирање Секретаријат за реформа на јавната администрација**

**Член 1**

Со ова решение се формира Секретаријат за реформа на јавната администрација (во натамошниот текст: Секретаријат за РЈА)

**Член 2**

Со Секретаријатот за РЈА раководи заменикот министер за јавна администрација Лазе Јаќимоски.

**Член 3**

Заменик претседавач на Секретаријатот за РЈА е државниот секретар на Министерството за јавна администрација.

**Член 4**

Секретаријатот за РЈА се состои од членови и заменици членови од следните институции и организации:

- Министерство за јавна администрација – Есма Адиловиќ Фазлиќ, член и Ирена Стамеска Ѓеровска, заменик член
- Министерство за дигитална трансформација – Гордана Клинчарова, член и Мирослав Гроздановски, заменик член
- Кабинет на претседател на Владата на Република Северна Македонија - Андреа Ѓошевска, член и Огнен Граорковски, заменик член
- Министерство за европски прашања – Лаура Ајдини, член и Христина Конеска Бероска, заменик член
- Министерство за финансии - Михајло Михајловски, член и Александра Лулкоска, заменик член


Министерство за јавна администрација на
Република Северна Македонија
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „Shën. Kirili dhe Metodi“ nr. 54, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

- Министерство за економија и труд - Фатмире Хоџа, член и Размена Чекиќ Дуровиќ, заменик член
- Министерство за социјална политика, демографија и млади – Александра Крстеска Ангеловска, член и Маја Димишкова, заменик член
- Министерство за правда – Андријана Красниќ, член и Аземине Сулејмани Хаки, заменик член
- Министерство за локална самоуправа - Ели Чакар, член и Сузана Најкова, заменик член
- Генерален Секретаријат на Владата на Република Северна Македонија - Стојанчо Радичевски, член и Филип Чавдаревски, заменик член
- Секретаријат за законодавство - Тања Каранфиловска, член и Снежана Нацаковска, заменик член
- Агенција за администрација - Добре Јанчев, член и Горан Цветковски, заменик член
- Кабинет на заменик министер за политички систем - Михаил Лукарев, член и Весна Марковска, заменик член
- Министерство за односи меѓу заедниците - Ељтон Зекири, член и Џељал Чајани, заменик член
- Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија ЗЕЛС - ДушицаПеришиќ, член и Ардита Дема Мехмети, заменик член
- Кабинет на Заменик на Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење - Билјана Николовска Жагар, член и Илир Османи, заменик член
- Државен завод за статистика – Кирил Трајановски, член и Ана Антоновска, заменик член
- Државна комисија за спречување на корупцијата – Маја Коневска, член и Билјана Вражалска Батиниќ, заменик член
- Инспекциски совет – Сашо Мержаноски, член и Маја Срезоска, заменик член
- Агенција за заштита на право на слободен пристап до информации од јавен карактер – Тања Ковачев, член и Василка Поп Ѓорѓиева, заменик член
- Стопански комори – Габриела Кулебанова, член и Анета Пешева, заменик член
- Граѓански организации – Јулијана Караи, член и Андријана Богдановска, заменик член

**Член 5**

Координаторите на приоритетните области на Стратегијата за реформа на јавна администрација 2023 - 2030 од Министерството за јавна администрација ќе учествуваат во работата на Секретаријатот за РЈА без можност за одлучување.


Министерство за јавна администрација на Република Северна Македонија
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „Shën. Kirili dhe Metodi" nr. 54, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

**Член 6**

Секретаријатот за РЈА обезбедува стручна и техничка поддршка на Советот за РЈА.

**Член 7**

Секретаријатот за РЈА ги врши следните работи:

- дава мислење за взаемната поврзаност и усогласеност на стратешките документи (стратегии, програми, планови, политики и сл.) релевантни за процесот на реформа на јавната администрација (РЈА);
- дава препораки за приоритетите во процесот на реформа на јавна администрација;
- обезбедува координација и усогласеност во планирањето и спроведувањето на реформата на јавнаа администрација и на процесот за евроинтеграција на Република Северна Македонија, од стручен аспект;
- ги разгледува извештаите од следењето на спроведувањето на Акцискиот план на Стратегијата за РЈА (2023 – 2026) и дава препораки до Советот за РЈА во однос на оценките за напредокот во спроведувањето на Стратегијата за РЈА (2023 – 2030) и Акцискиот план;
- иницира и препорачува преземање на мерки во случај на утврдени ризици од неспроведување или потешкотии при спроведување на планираните цели, мерки и активности;
- дава насоки за спроведување на мерките и активностите од Акцискиот план за Тимот за РЈА и на контакт лицата за РЈА од институциите носители и учесници во активностите;
- ги разгледува ефектите од спроведените активности во различните сектори од јавниот сектор, кои се одразуваат врз јавната администрација и дава препораки до Советот за РЈА за преземање соодветни чекори и обезбедување на нивна усогласеност
- дава препораки за насочување на понатамошните циклуси на планирање на реформата на јавната администрација и
- ги разгледува и постапува по заклучоците на Секторската група за РЈА.

**Член 8**

Секретаријатот за РЈА донесува Деловник за работа.

**Член 9**


Министерство за јавна администрација на Република Северна Македонија
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „Shën. Kirili dhe Metodi“ nr. 54, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

Организационата единица за координација на Стратегијата за РЈА во Министерството за јавна администрација дава административно техничка поддршка на работата на Секретаријатот.

**Член 10**

Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Член 11**

Со донесувањето на ова решение ќе престане да важи Решението за формирање на Секретаријат за реформа на јавната администрација број 15-5294/1 од 07.12.2023 година.

Со почит,

Горан Минчев

министер

Подготвил: Ангела Саплиева
Предал: Ангела Саплиева
Прегледал: Есма Адиловиќ Фазлиќ

Доставено до:
-Именуваните
-Одделение за управување со човечки ресурси
-Архива


Министерство за јавна администрација на Република Северна Македонија
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës
Republika e Maqedonisë së Veriut

Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „Shën. Kirili dhe Metodi" nr. 54, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk